# Службен весник на Република Македонија

**Број 221** **17 декември 2015, четврток** **година LXXI**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**С О Д Р Ж И Н А**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 6156. | **Одлука** за избор на претседател, потпретседател и членови на Државната изборна комисија ..... | **2** |
| 6157. | **Одлука** за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик претседател и членови на Анкетната комисија за скандалот со прислушкувањето ..... | **2** |
| 6158. | **Решение** за именување член на Управниот одбор на Агенцијата за филм на Република Македонија ..... | **2** |
| 6159. | **Решение** за разрешување член на Управниот одбор на Агенцијата за филм на Република Македонија ..... | **2** |
| 6160. | **Исправка** на Решението за именување членови на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование..... | **3** |
| 6161. | **Решение** за престанување на службата на нотарот..... | **3** |
| 6162. | **Правилник** за формата и содржината на Регистарот на издадени овластувања и лиценци и начинот на неговото водење..... | **3** |
| 6163. | **Правилник** за дополнување на Правилникот за формата и содржината на зоотехничките документи, како и начинот на пополнување на обрасците за издавање на зоотехничките документи (*)..... | **7** |
| 6164. | **Правилник** за изменување на Правилникот за формата и содржината на барањето за утврдување на правен статус на бесправен објект..... | **13** |
| 6165. | **Правилник** за измена и дополнување на Правилникот за начинот и постапката на маркетинг на пензиски фондови..... | **21** |
| 6166. | **Правилник** за измена и дополнување на Правилникот за начинот и постапката на пренос на средствата во Фондот на ПИОМ ..... | **28** |
| 6167. | **Правилник** за измена на Правилникот за индивидуални сметки..... | **28** |
| 6168. | **Одлука** за влегување во сила на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија..... | **29** |
| 6169. | **Одлука** од Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија..... | **32** |
| 6170. | **Објава** за стапката на трошоците на живот и платите за месец ноември 2015 година..... | **32** |
| | **Огласен дел**..... | **1-96** |

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**6156.**

Врз основа на членот 68 став 2 од Уставот на Република Македонија и членот 27 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" број 40/2006, 136/2008, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14 и 196/15), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 16 декември 2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ, ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

I. За претседател, потпретседател и членови на Државната изборна комисија, се избираат:

а) за претседател

Александар Чичаковски, магистер на правни науки од Скопје,

б) за потпретседател

Рецеп Прекопуца, магистер по применета политика и менаџмент од Арачиново,

в) за членови:

1. Атанас Урумов, дипломиран политиколог и дипломиран правник од Гевгелија,
2. Силвана Бонева, дипломиран правник од Струмица,
3. Сашо Срцев, дипломиран правник од Скопје,
4. Субхи Јакупи, доктор на правни науки од Гостивар,
5. Виолета Дума, дипломиран правник од Скопје,
6. Игор Милев, дипломиран правник од Радовиш и
7. Бедредин Ибраими, доктор по правни науки од Тетово.

II. Со денот влегувањето во сила на оваа одлука престанува мандатот на составот на Државната изборна комисија избран со Одлуката за избор на претседател, потпретседател и членови на Државната изборна комисија („Службен весник на Република Македонија" број 156/11), Одлуката за избор на член на Државната изборна комисија („Службен весник на Република Македонија" број 93/12) и Одлуката за избор на претседател на Државната изборна комисија („Службен весник на Република Македонија" број 162/13).

III. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| | |
|---|---|
| Бр. 08-5919/1<br>16 декември 2015 година<br>Скопје | Претседател<br>на Собранието на Република Македонија,<br>**Трајко Вељаноски,** с.р. |

---

**6157.**

Врз основа на членот 68 став 2 од Уставот на Република Македонија, а во врска со членот 3 од Одлуката за основање на Анкетна комисија за скандалот со прислушкувањето („Службен весник на Република Македонија“ број 196/15), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 16 декември 2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ, ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА АНКЕТНАТА КОМИСИЈА ЗА СКАНДАЛОТ СО ПРИСЛУШКУВАЊЕТО**

I. Во Одлуката за избор на претседател, заменик претседател и членови на Анкетната комисија за скандалот со прислушкувањето ( "Службен весник на Република Македонија" број 204/15), во точката III. За членови на Анкетната комисија за скандалот со прислушкувањето, во потточка 2. зборовите: „Силвана Бонева“ се заменуваат со зборовите: „Иван Иванов“.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| | |
|---|---|
| Бр. 08-5920/1<br>16 декември 2015 година<br>Скопје | Претседател<br>на Собранието на Република Македонија,<br>**Трајко Вељаноски,** с.р. |

---

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**6158.**

Врз основа на член 20 од Законот за филмската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2013, 18/2014, 44/2014, 129/2015 и 152/2015), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 7 декември 2015 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ФИЛМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. За член на Управниот одбор на Агенцијата за филм на Република Македонија, се именува Стојанчо Радичевски.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 24 – 12558/1<br>7 декември 2015 година<br>Скопје | Претседател на Владата<br>на Република Македонија,<br>м-р **Никола Груевски**, с.р. |

---

**6159.**

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за филмската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2013, 18/2014, 44/2014, 129/2015 и 152/2015), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 20 октомври 2015 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ФИЛМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. Драган Лазаров се разрешува од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за филм на Република Македонија, на негово барање.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 24 – 12680/1<br>20 октомври 2015 година<br>Скопје | Претседател на Владата<br>на Република Македонија,<br>м-р **Никола Груевски**, с.р. |

**6160.**

По извршеното срамнување на изворниот текст утврдено е дека во текстот на Решението за именување членови на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование Бр.24-12833/1 од 15 декември 2015 година, објавено во „Службен весник на Република Македонија“ бр.220/2015 направена е техничка грешка, поради што се дава

**И С П Р А В К А**
**НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

Во точка 1 алинеја 9 од Решението наместо: „ - Александар Спасеновски“, треба да стои:„- доц. д-р Александар Стојков“.

Бр. 24-12833/2
16 декември 2015 година
Скопје

Од Владата на Република Македонија

---

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

**6161.**

Врз основа на член 55 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 14, став (1) точка а) и став (2) од Законот за нотаријатот („Службен весник на РМ“ бр. 55/07, 86/08, 139/09 и 135/11, министерот за правда на ден 10.12.2015 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА СЛУЖБАТА НА НОТАРОТ**

1. На нотарот Артан Лимани именуван со Решение бр. 09-2044/1 од 10.5.2012 година на министерот за правда за вршење на нотарска служба на подрачјето на Основниот суд во Куманово му престанува службата нотар поради смрт.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Со Решение бр. 09-2044/1 од 10.5.2012 година на министерот за правда лицето Артан Лимани е именуван за нотар на подрачјето на Основниот суд во Куманово.

Нотарската комора на Република Македонија до Министерството за правда достави известување број 03-2241/1 од 30.11.2015 година, заведено во Министерството за правда под број 09-3959/1 од 4.12.2015 година дека нотарот Артан Лимани именуван за подрачјето на Основниот суд во Куманово починал. Врз основа на Извод од Матичната книга на умрени што се води за местото Куманово, под тековен број 783 за 2015 година утврдено е дека кај нотарот Артан Лимани настапила смрт на ден 27.11.2015 година во Куманово.

Согласно наведеното а врз основа на член 14 став (1) точка а) и став (2) од Законот за нотаријатот („Службен весник на РМ“ бр. 55/07, 86/08, 139/09 и 135/11), министерот за правда одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Бр. 09-3959/2
10 декември 2015 година
Скопје

Министер за правда,
д-р **Аднан Јашари,** с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

**6162.**

Врз основа на член 32-у став (3) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр. 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15 и 192/15), министерот за економија, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА РЕГИСТАРОТ НА ИЗДАДЕНИ ОВЛАСТУВАЊА И ЛИЦЕНЦИ И НАЧИНОТ НА НЕГОВОТО ВОДЕЊЕ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на Регистарот на издадени овластувања за изработка на геолошка документација, изведување и надзор на геолошки истражувања и лиценци за изработка на геолошка документација, изведување и надзор на геолошки истражувања и начинот на неговото водење.

Член 2

Регистарот на издадени овластувања за изработка на геолошка документација, изведување и надзор на геолошки истражувања и лиценци за изработка на геолошка документација, изведување и надзор на геолошки истражувања (во понатамошниот текст: Регистарот) се води во форма на книга со тврди корици во А4 формат кој содржи евиденциски листови кои се нумерирани и меѓусебно поврзани.

Предната страна на Регистарот содржи: “РЕГИСТАР НА ИЗДАДЕНИ ОВЛАСТУВАЊА ЗА ИЗРАБОТКА НА ГЕОЛОШКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, ИЗВЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НА ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА И ЛИЦЕНЦИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ГЕОЛОШКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, ИЗВЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НА ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА“.

Евиденциски лист за издадени овластувања за изработка на геолошка документација, изведување и надзор на геолошки истражувања ги содржи следните податоци: реден број, име на правното лице, даночен број, име и презиме на носител на лиценцата, број на лиценца и датум на издавање и архивски број и датум на издавање на овластувањето.

Евиденциски лист за издадени лиценци за изработка на геолошка документација, изведување и надзор на геолошки истражувања ги содржи следните податоци: реден број, име татково име и презиме, вид и степен на образование, датум на полагање на испитот, број на лиценца и архивски број и датум на издавање на лиценцата.

Формата и содржината на Регистарот се дадени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Регистарот се води во електронска и пишана форма.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-5238/8
3 декември 2015 година
Скопје

Министер за економија,
**Беким Незири,** с.р.

**Прилог**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

# РЕГИСТАР НА ИЗДАДЕНИ ОВЛАСТУВАЊА И ЛИЦЕНЦИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ГЕОЛОШКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, ИЗВЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НА ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА

**Евиденциски лист за издадени овластувања за изработка на геолошка документација, изведување и надзор на геолошки истражувања**

| Реден број | Име на правното лице | Даночен број | Име и презиме на лицето носител на лиценцата | Број на лиценца и датум на издавање | Архивски број и датум на издавање на овластувањето |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | | |
| 2 | | | | | |
| 3 | | | | | |
| 4 | | | | | |
| 5 | | | | | |
| 6 | | | | | |
| 7 | | | | | |
| - | | | | | |
| - | | | | | |
| - | | | | | |
| - | | | | | |
| - | | | | | |
| - | | | | | |
| - | | | | | |
| - | | | | | |
| - | | | | | |
| - | | | | | |
| - | | | | | |
| - | | | | | |
| - | | | | | |
| - | | | | | |
| - | | | | | |
| - | | | | | |
| - | | | | | |
| - | | | | | |
| - | | | | | |
| - | | | | | |
| - | | | | | |
| - | | | | | |
| - | | | | | |
| - | | | | | |
| - | | | | | |
| - | | | | | |
| - | | | | | |
| - | | | | | |
| n | | | | | |

**Евиденциски лист за издадени лиценци за изработка на геолошка документација, изведување и надзор на геолошки истражувања**

| Реден број | Име татково име и презиме | Вид и степен на образование | Датум на полагање на испитот | Број на лиценца | Архивски број и датум на издавање на лиценцата |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | | |
| 2 | | | | | |
| 3 | | | | | |
| 4 | | | | | |
| 5 | | | | | |
| 6 | | | | | |
| 7 | | | | | |
| - | | | | | |
| - | | | | | |
| - | | | | | |
| - | | | | | |
| - | | | | | |
| - | | | | | |
| - | | | | | |
| - | | | | | |
| - | | | | | |
| - | | | | | |
| - | | | | | |
| - | | | | | |
| - | | | | | |
| - | | | | | |
| - | | | | | |
| - | | | | | |
| - | | | | | |
| - | | | | | |
| - | | | | | |
| - | | | | | |
| - | | | | | |
| - | | | | | |
| - | | | | | |
| - | | | | | |
| - | | | | | |
| - | | | | | |
| - | | | | | |
| n | | | | | |

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**6163.**

Врз основа на член 21 став 2 од Законот за сточарството ("Службен весник на Република Македонија" бр. 7/08,116/10, 23/13 и 149/15), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЗООТЕХНИЧКИТЕ ДОКУМЕНТИ, КАКО И НАЧИНОТ НА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ОБРАСЦИТЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЗООТЕХНИЧКИТЕ ДОКУМЕНТИ (*)**

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на зоотехничките документи, како и начинот на пополнување на обрасците за издавање на зоотехничките документи* ("Службен весник на Република Македонија" бр. 89/11 и 118/14) по членот 14–а се додава нова Глава VI и четири нови члена 14-б, 14-в, 14-г и 14-д кои гласат:

"VI. СОДРЖИНА НА ЗООТЕХНИЧКИТЕ ДОКУМЕНТ ОД ВИДОТ КОПИТАРИ

Член 14-б

**Содржина на зоотехничкиот документ кои ги придружува приплодните копитари**

Зоотехничкиот документ кои ги придружува приплодни копитари ги содржи следните податоци:

- име на признатата организација на одгледувачи на копитари или одобрената институција (издавач на зоотехничкиот документ);
- име на матичната книга;
- матичен број на грлото;
- број на одгледувалиште;
- име и идентификациски број на грлото;
- датум на раѓање, раса, пол;
- боја на грло и опис на телото (по глава, нозе и труп);
- име и адреса на одгледувачот;
- име и адреса на сопственикот;
- педигре на грлото;
- сите достапни резултати од перформанс тестови и резултатите од генетските тестови, вклучувајќи ги генетските особини и генетските дефекти кај самото грло и оние кај неговите родители и прародители;
- датум на осеменување или парење и идентификацискиот број на приплодниот пастув кај ждребните кобили и омиците;
- датум и местото на испорака на зоотехничкиот документ, име и презиме како и потпис на лицето овластено од страна на признатата организација на одгледувачи на копитари или одобрената институција и
- печат на признатата организација на одгледувачи на копитари или одобрена институција.

(1) Формата и содржината на зоотехничкиот документ за придружување на приплодни копитари се дадени во Прилог 14 кој е составен дел на овој правилник.

Член 14-в

**Содржина на зоотехничкиот документ за семе од приплодни пастуви**

(1) Зоотехничкиот документ за семе од приплодни пастуви ги содржи следните податоци:

- име на признатата организација на одгледувачи на копитари или одобрената институција (издавач на зоотехничкиот документ);
- име на матичната книга;
- матичен број на пастувот;
- број на одгледувалиште;
- име и идентификациски број на грлото;
- датум на раѓање, раса, пол;
- боја на грло и опис на телото (по глава, нозе и труп);
- име и адреса на одгледувачот;
- име и адреса на сопственикот;
- педигре на приплодниот пастув;
- информации кои овозможуваат идентификација на семето, за резултатите од извршените тестови приплодните пастуви, за датумот на неговото собирање и за имињата и адресите на центарот за прибирање сперма или центарот за чување сперма;
- датум и место на испорака на зоотехничкиот документ,име и презиме како и потпис на лицето кое е овластено од страна на признатата организација на одгледувачи на копитари или одобрената институција која го издава зоотехничкиот документ и

(*) Овој правилник не е предмет на усогласување со Европското законодавство.

- печат на признатата организација на одгледувачи на копитари или одобрената институција (издавач на зоотехничкиот документ).

(2) Формата и содржината на зоотехничкиот документ за семе од пастуви се дадени во Прилог 15 кој е составен дел на овој правилник.

Член 14-г

**Содржина на зоотехничкиот документ за јајце клетки од кобили наменети за приплод**

(1) Зоотехничкиот документ за потеклото на јајце клетките од кобили наменети за приплод (грло давател) ги содржи следните податоци:

- име на признатата организација на одгледувачи на копитари или одобрената институција (издавач на зоотехничкиот документ);
- име на матичната книга;
- матичен број на грлото;
- број на одгледувалиште;
- име и идентификациски број на грлото;
- датум на раѓање, раса, пол;
- боја на грло и опис на телото (по глава, нозе и труп);
- име и адреса на одгледувачот;
- име и адреса на сопственикот;
- педигре на грлото;
- резултатите од тестовите, кои обезбедуваат научни гаранции за да се потврди потеклото;
- информации што овозможуваат идентификација на јајце клетката, датумот на незиното собирање и името и адресата на признатата организација на одгледувачи на копитари или одобрената институција и на примачот;
- точно да се посочи бројот на јајце клетките кои треба да имаат иста мајка кога постои повеќе од една јајце-клетка во пајета за чување на јајце-клетки;
- датум и место на испорака на зоотехничкиот документ, име и презиме како и потпис на лицето овластено од страна на признатата организација на одгледувачи на копитари или одобрената институција која го издава зоотехничкиот документ и
- печат на признатата организација на одгледувачи на копитари или одобрената институција (издавач на зоотехничкиот документ).

(2) Формата и содржината на зоотехничкиот документ за јајце клетки од кобили наменети за приплод се дадени во Прилог 16 кој е составен дел на овој правилник.

Член 14-д

Содржина на зоотехничкиот документ за ембриони од копитари

(1) Зоотехничкиот документ за потеклото на ембриони од копитари ги содржи следните податоци:

- име на признатата организација на одгледувачи на копитари или одобрена институција (издавач на зоотехничкиот документ);
- име на матичната книга;
- матичен број на грлото;
- број на одгледувалиште;
- име и идентификациски број на грлото;
- датум на раѓање, раса, пол;
- боја на грло и опис на телото (по глава, нозе и труп);
- име и адреса на одгледувачот;
- име и адреса на сопственикот;
- педигре на грлото;
- резултатите од тестовите кои обезбедуваат научни гаранции за да се потврди потеклото;
- информации што овозможуваат идентификација на ембрионот, датумот на неговото собирање и името и адресата на признатата организација на одгледувачи на копитари или одобрената институција и на примачот;
- кога постои повеќе од еден ембрион за чување, треба точно да се посочи бројот на ембрионите кои треба да имаат иста мајка;
- датум и местото на испорака на зоотехничкиот документ, име и презиме како и потпис на лицето овластено од страна на признатата организација на одгледувачи на копитари или одобрената институција која го издава зоотехничкиот документ и
- печат на признатата организација на одгледувачи на копитари или одобрената институција (издавач на зоотехничкиот документ).

(2) Формата и содржината на зоотехничкиот документ за ембриони од копитари се дадени во Прилог 17 кој е составен дел на овој правилник".

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.08-11333/4
1 декември 2015 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
м-р **Михаил Цветков,** с.р.

**Прилог 14**

**Зоотехнички документ за приплодни копитари**

Име на признатата организација на одгледувачи на копитари или одобрената институција на одгледувачи (издавач на зоотехничкиот документ)
_____

Име на матичната книга: _____

Матичен број на грлото: _____

Број на одгледувалиште _____

Име и идентификациски број на грлото _____

Датум на раѓање _____ раса _____ пол _____

Боја на грло _____ и опис на телото (по глава, нозе и труп) _____
_____

Име и адреса на одгледувачот: _____

Име и адреса на сопственикот: _____

Педигре на грлото

| Татко | Татко на таткото | Мајка на таткото |
|---|---|---|
| Матичен број: ..... | Матичен број: ..... | Матичен број: ..... |

Потекло:

| Мајка | Татко на мајката | Мајка на мајката |
|---|---|---|
| Матичен број: .....: | Матичен број: ..... | Матичен број: ..... |

Сите достапни резултати од перформанс тестови и резултатите од генетските тестови, вклучувајќи ги генетските особини и генетските дефекти кај самото грло и оние кај неговите родители и прародители:
_____

Датум на осеменување или пареење и идентификацискиот број на приплодниот пастув и за ждребните кобили и омиците _____
_____

Датум_____

Место_____ _____
Име, презиме и потпис на овластено лице

М.П

**Прилог 15**

**Зоотехнички документ за семе од приплодни пастуви**

Име на признатата организација на одгледувачи на копитари или одобрената институција (издавач на зоотехничкиот документ);
_____

Име на матичната книга: _____

Матичен број на пастувот: _____

Број на одгледувалиште _____

Име и идентификациски број на грлото _____

Датум на раѓање _____ раса _____ пол _____

Боја на грло _____ и опис на телото (по глава, нозе и труп) _____
_____

Име и адреса на одгледувачот: _____

Име и адреса на сопственикот: _____

Педигре на грлото

| Татко | Татко на таткото | Мајка на таткото |
|---|---|---|
| Матичен број: ..... | Матичен број: ..... | Матичен број: ..... |

Потекло:

| Мајка | Татко на мајката | Мајка на мајката |
|---|---|---|
| Матичен број: .....: | Матичен број: ..... | Матичен број: ..... |

Информации кои овозможуваат идентификација на семето, за резултатите од извршените тестови приплодните пастуви, за датумот на неговото собирање и за имињата и адресите на центарот за прибирање сперма или центарот за чување сперма: _____

_____

Датум_____

Место_____ _____

Име, презиме и потпис на овластено лице

М.П

**Прилог 16**

**Зоотехнички документ за јајце клетки од кобили наменети за приплод**

Име на признатата организација на одгледувачи на копитари или одобрената институција (издавач на зоотехничкиотдокумент)

_____

Име на матичната книга: _____

Матичен број на грлото: _____

Број на одгледувалиште _____

Име и идентификациски број на грлото _____

Датум на раѓање _____ раса _____ пол _____

Боја на грло _____ и опис на телото (по глава, нозе и труп) _____

_____

Име и адреса на одгледувачот: _____

Име и адреса на сопственикот: _____

Педигре на грлото

Потекло:

| Татко | Татко на таткото | Мајка на таткото |
|---|---|---|
| Матичен број: ..... | Матичен број: ..... | Матичен број: ..... |

| Мајка | Татко на мајката | Мајка на мајката |
|---|---|---|
| Матичен број: .....: | Матичен број: ..... | Матичен број: ..... |

Резултатите од тестовите, кои обезбедуваат научни гаранции за да се потврди потеклото:

_____

Информации што овозможуваат идентификација на јајце клетката, датумот на незиното собирање и името и адресата на признатата организација на одгледувачи на копитари или одобрената институција и на примачот

_____

Кога постои повеќе од една јајце-клетка во пајета за чување на јајце-клетки треба точно да се посочи бројот на јајце клетките кои трба да имаат иста мајка

_____

Датум_____

Место_____ _____

Име, презиме и потпис на овластено лице

М.П

**Прилог 17**

**Зоотехнички документ за ембриони од копитари**

Име на признатата организација на одгледувачи на копитари или одобрена институција (издавач на зоотехничкиотдокумент) _____

Име на матичната книга: _____

Матичен број на грлото: _____

Број на одгледувалиште _____

Име и идентификациски број на грлото _____

Датум на раѓање _____ раса _____ пол _____

Боја на грло _____ и опис на телото (по глава, нозе и труп) _____
_____

Име и адреса на одгледувачот: _____

Име и адреса на сопственикот: _____

Педигре на грлото

Потекло:

| Татко | Татко на таткото | Мајка на таткото |
|---|---|---|
| Матичен број: ..... | Матичен број: ..... | Матичен број: ..... |

| Мајка | Татко на мајката | Мајка на мајката |
|---|---|---|
| Матичен број: .....: | Матичен број: ..... | Матичен број: ..... |

Резултатите од тестовите, кои обезбедуваат научни гаранции за да се потврди потеклото:
_____

Информации што овозможуваат идентификација на ембрионот, датумот на неговото собирање и името и адресата на признатата организација на одгледувачи на копитари или одобрената институција и на примачот
_____

Кога постои повеќе од еден ембрион за чување, треба точно да се посочи бројот на ембрионите кои треба да имаат иста мајка
_____

Датум_____

Место_____ _____
Име, презиме и потпис на овластено лице

М.П

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

**6164.**

Врз основа на член 5 став (3), а во врска со членовите 7 и 8 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/12, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15 и 217/15), министерот за транспорт и врски донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРАВЕН СТАТУС НА БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ**

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на барањето за утврдување на правен статус на бесправен објект („Службен весник на Република Македонија“ бр.26/11 и 89/11) Прилозите 1, 2 и 3 се заменуваат со нови Прилози 1, 2 и 3 кои се составен дел на овој правилник.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-17823/1
16 декември 2015 година
Скопје

Министер
за транспорт и врски,
**Владо Мисајловски,** с.р.

**Прилог 1**

**До** _____

(Барањето за утврдување на правен статус на бесправни објекти од значење за Републиката, бесправни објекти на здравствените установи за терцијална здравствена заштита и бесправни електронски комуникациски мрежи и средства, се доставува до Министерството за транспорт и врски.
Барањето за утврдување на правен статус на бесправни објекти од локално значење, бесправни објекти на здравствените установи за примарна и секундарна здравствена заштита, се доставува до единицата на локална самоуправа на чие подрачје е изграден објектот)

**Б А Р А Њ Е**

**за утврдување на правен статус на бесправни објекти од значење за Републиката, бесправни објекти од локално значење и бесправни објекти на здравствени установи за примарна, секундарна и терцијална здравствена заштита**

Од _____
**(име и презиме на физичко лице / назив на правно лице)**

_____
**(адреса на физичко лице / правно лице)**

Лице за
контакт:_____тел._____

Вид на бесправен објект_____

Адреса или број на катастарска парцела со назив на катастарска општина
на која се наоѓа бесправниот објект _____

Кон барањето за утврдување на правен статус приложувам:

1. Уверение за државјанство или копија од лична карта за домашно физичко лице односно копија од патна исправа за странско физичко лице, а за домашно и странско правно лице, извод од Централен регистар на Република Македонија односно од соодветната институција во државата во која странското правно лице има седиште;

2. Доказ за приклучок на комунална инфраструктура и/или сметки за јавни услуги (струја, вода итн.) со датум пред 3 Март 2011 година а доколку бесправниот објект нема инфраструктурни приклучоци изјава заверена на нотар дадена под кривична и материјална одговорност со која барателот потврдува дека бесправниот објект е изграден пред 3 Март 2011 година;

3. Геодетски елаборат за утврдување на фактичка состојба на бесправен објект со имотен лист за земјиштето на кое е изграден бесправниот објект;

4. Договор за долготраен закуп на земјиштето склучен со сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето или изјава заверена на нотар со која сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето изјавува дека е согласен да се утврди правен статус на бесправниот објект и истиот да се запише во јавните книги за запишување на правата на недвижности на име на барателот;
**(овој доказ се доставува само доколку бесправниот објект е изграден на земјиште кое не е сопственост на барателот или на Република Македонија, односно земјиштето е сопственост на друго физичко или правно лице, односно земјиштето е сосопственост на барателот и друго физичко или правно лице)**

**или**

Уверение за движење за земјиштето на кое е изграден бесправниот објект и изјава заверена на нотар, дадена под кривична и материјална одговорност од барателот, во која истиот потврдува која година е изграден бесправниот објект;
**(овој доказ се доставува само доколку бесправниот објект е изграден на земјиште кое не е сопственост на барателот или на Република Македонија, односно земјиштето е сопственост на друго физичко или правно лице, односно земјиштето е сосопственост на барателот и друго физичко или правно лице, а сопственикот односно сосопственикот на земјиштето нема дадено изјава дека е согласен да се утврди правен статус на бесправниот објект и истиот да се запише во јавните книги за запишување на правата на недвижности на име на барателот или нема склучено договор за долготраен закуп на земјиштето со барателот)**

5. Договор за купопродажба на земјиштето и изјава заверена на нотар, дадена под кривична и материјална одговорност, со која барателот потврдува дека барателот или лицето чиј наследник е барателот го имаат купено земјиштето од поранешниот сопственик и истото го користат повеќе од 20 години од денот на склучувањето на договорот;
**(овој доказ се доставува само доколку бесправниот објект е изграден на земјиште пренесено од поранешен сопственик врз основа на договор за купопродажба, на кое како корисник во имотниот лист е евидентиран поранешниот сопственик, а барателот го користи земјиштето повеќе од 20 години од денот на склучувањето на договорот)**

6. Уверение за идентификација на катастарската парцела издадено од Агенцијата за катастар на недвижности;
**(овој доказ се доставува само доколку постои неусогласеност на броевите на катастарските парцели кои се наведени во договорот за купопродажба склучен со поранешен сопственик кој се доставува согласно точка 5 на ова барање, со броевите на катастарските парцели наведени во Имотниот лист за земјиштето.)**

7. Известување од нотарот повереник на оставинскиот суд дека се води оставинска постапка за земјиштето на кое е изграден бесправниот објект;
**(овој доказ се доставува само доколку е поднесено барање за утврдување на правен статус на бесправен објект кој е изграден на земјиште со нерасчистени имотни односи, поради тоа што не е спроведена оставинска постапка)**

8. Список на станари, договори за купопродажба на становите во зградата, како и уверение за државјанство или копија од лична карта од сите иматели на стан во зградата, доколку барањето се однесува за станбена зграда за колективно домување;
**(во овој случај потребно е барањето да е поднесено од заедницата на станари или да е потпишано од повеќе од половината иматели на стан во зградата, а доколку барањето се однесува за бесправен дел (доградба, надградба) на станбена зграда подносител на барањето е само имателот на делот кој е бесправно изграден)**

9. Изјава заверена на нотар, дадена под материјална и кривична одговорност, со која барателот потврдува дека е согласен да се утврди правен статус на бесправниот објект на негова одговорност и нема да бара надомест на штета од надлежен орган при настанување на евентуална штета поради елементарна непогода како и дека ќе ја надомести секоја штета врз животната средина настаната од влијанието на предметниот објект;
**(овој доказ се доставува само доколку е поднесено барање за утврдување на правен статус на бесправен објект кој е изграден во заштитен крајбрежен појас на вештачки езера и речни корита, како и бесправен објект со намена домување во станбени куќи согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање кој е изграден во заштитен крајбрежен појас на природни езера)**

10. Основен проект-фаза статика;
**(овој доказ се доставува само доколку бесправниот објект се наоѓа во потенцијално нестабилна зона за која е донесена одлука од страна на Советот на општината)**

**Датум и место на поднесување** **Барател**

_____ _____

**Прилог 2**

**До** _____

(Барањето за утврдување на правен статус на бесправни линиски инфраструктурни објекти од значење за Републиката се доставува до Министерството за транспорт и врски, а барањето за утврдување на правен статус на бесправни линиски инфраструктурни објекти од локално значење, се доставува до единицата на локална самоуправа на чие подрачје е изграден објектот)

# Б А Р А Њ Е

**за утврдување на правен статус на бесправни објекти кои се линиски инфраструктурни објекти**

Од_____

**(назив на барател)**

_____

**(адреса на барател)**

Лице за контакт:_____тел._____

Вид на бесправен објект_____

Адреса или број на катастарска парцела со назив на катастарска општина на која се наоѓа бесправниот објект _____

Кон барањето за утврдување на правен статус приложувам:

1. Извод од Централен регистар на Република Македонија;
2. Доказ за извршени градежни работи, или потврда од барателот, или изјава заверена на нотар дадена под кривична и материјална одговорност од барателот со која истиот потврдува дека бесправниот објект е изграден пред 3 Март 2011 година;
3. Геодетски елаборат за утврдување на фактичката состојба на надземен бесправен линиски инфраструктурен објект со имотен лист за земјиштето на кое е изграден, доколку барањето се однесува за надземен лински инфраструктурен објект односно Геодетски елаборат за утврдување на фактичката состојба на подземен бесправен линиски инфраструктурен објект без имотен лист за земјиштето под кое е изграден објектот, доколку барањето се однесува за подземен лински инфраструктурен објект;

4. Изјава заверена на нотар дадена под кривична и материјална одговорност со која барателот потврдува дека објектот е функционална целина и може да се употребува;

5. Договор за долготраен закуп на земјиштето склучен со сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето или изјава заверена на нотар со која сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето изјавува дека е согласен да се утврди правен статус на бесправниот објект и истиот да се запише во јавните книги за запишување на правата на недвижности на име на барателот или потврда за решени имотноправни работи за земјиштето на кое е изграден бесправниот објект издадена од органот на државна управа надлежен за имотно-правните работи;

   **(овој доказ се доставува само доколку надземен бесправен линиски инфраструктурен објект е изграден на земјиште кое не е сопственост на барателот или на Република Македонија, односно земјиштето е сопственост на друго физичко или правно лице, односно земјиштето е сосопственост на барателот и друго физичко или правно лице)**

   **или**

   Уверение за движење за земјиштето на кое е изграден бесправниот објект и изјава заверена на нотар, дадена под кривична и материјална одговорност од барателот, во која истиот потврдува која година е изграден бесправниот објект;
   **(овој доказ се доставува само доколку надземен бесправен линиски инфраструктурен објект е изграден на земјиште кое не е сопственост на барателот или на Република Македонија, односно земјиштето е сопственост на друго физичко или правно лице, односно земјиштето е сосопственост на барателот и друго физичко или правно лице, а сопственикот односно сосопственикот на земјиштето нема дадено изјава дека е согласен да се утврди правен статус на бесправниот објект и истиот да се запише во јавните книги за запишување на правата на недвижности на име на барателот или нема склучено договор за долготраен закуп на земјиштето со барателот или барателот нема доставено потврда за решени имотноправни работи за земјиштето издадена од органот на државна управа надлежен за имотноправните работи)**

**Датум и место на поднесување** **Барател**

_____ _____

**Прилог 3**

**До Министерството за транспорт и врски**

**Б А Р А Њ Е**

**за утврдување на правен статус на**
**бесправни електронски комуникациски мрежи и средства**

Од

_____

**(назив на барател)**

_____

**(адреса на барател)**

Лице за контакт:_____тел._____

Вид на бесправен објект_____

Адреса или број на катастарска парцела со назив на катастарска општина
на која се наоѓаат електронските комуникациски мрежи и средства

_____

Кон барањето за утврдување на правен статус на електронски комуникациски мрежи и средства кои се бесправно изградени на земјиште приложувам:

1. Извод од Централен регистар на Република Македонија;

2. Изјава заверена кај нотар дадена под кривична и материјална одговорност со која барателот потврдува дека електронските комуникациски мрежи и средства се изградени пред пред 3 Март 2011 година;

3. Геодетски елаборат за утврдување на фактичка состојба на бесправен објект со имотен лист за земјиштето на кое е изграден бесправниот објект, а доколку се работи за бесправни линиски електронски комуникациски мрежи и средства се доставува Геодетски елаборат за утврдување на фактичката состојба на надземен бесправен линиски инфраструктурен објект со имотен лист за земјиштето на кое е изграден објектот односно Геодетски елаборат за утврдување на фактичката состојба на подземен бесправен линиски инфраструктурен објект без имотен лист за земјиштето под кое е изграден објектот;

4. Изјава заверена на нотар дадена под кривична и материјална одговорност со која барателот потврдува дека електронските комуникациски мрежи и средства претставуваат функционална целина и може да се употребуваат;
**(овој доказ се доставува само доколку барањето се однесува за бесправни линиски електронски комуникациски мрежи и средства)**

5. Договор за долготраен закуп на земјиштето склучен со сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето или изјава заверена на нотар со која сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето изјавува дека е согласен да се утврди правен статус на електронските комуникациски мрежи и средства и истите да се запишат во јавните книги за запишување на правата на недвижности на име на барателот;
**(овој доказ се доставува само доколку барањето се однесува за надземни електронски комуникациски мрежи и средства кои се изградени на земјиште кое не е сопственост на барателот или на Република Македонија, односно земјиштето е сопственост на друго физичко или правно лице, односно земјиштето е сосопственост на барателот и друго физичко или правно лице)**
**или**
Уверение за движење за земјиштето на кое се изградени електронските комуникациски мрежи и средства и изјава заверена на нотар, дадена под кривична и материјална одговорност од барателот, во која истиот потврдува која година се изградени електронските комуникациски мрежи и средства;
**(овој доказ се доставува само доколку барањето се однесува за надземни електронски комуникациски мрежи и средства кои се изградени на земјиште кое не е сопственост на барателот или на Република Македонија, односно земјиштето е сопственост на друго физичко или правно лице односно земјиштето е сосопственост на барателот и друго физичко или правно лице, а сопственикот односно сосопственикот на земјиштето нема дадено изјава дека е согласен да се утврди правен статус на надземните електронски комуникациски мрежи и средства и истите да се запишат во јавните книги за запишување на правата на недвижности на име на барателот или нема склучено договор за долготраен закуп на земјиштето со барателот)**

6. Основен проект - фаза статика;
**(овој доказ се доставува само доколку барањето се однесува за бесправни електронски комуникациски мрежи и средства кои не се линиски, при што доколку се работи за електронски комуникациски мрежи и средства- колокации за потребата на јавната мобилна комуникациска мрежа, овој доказ го доставува само барателот кој е имател на антенскиот столб)**

7. Изјава од имателот на антенскиот столб со која истиот изјавува дека е согласен да се утврди правен статус на електронската комуникациска опрема која колоцира со антенскиот столб или Договор со имателот на антенскиот столб со кој е уредено правото на колокација;
**(овој доказ се доставува само доколку барањето се однесува за електронска комуникациска опрема која колоцира со антенски столб, како дел од колокација за потребата на јавната мобилна комуникациска мрежа)**

Кон барањето за утврдување на правен статус на електронски комуникациски мрежи и средства кои се бесправно поставени на објекти, приложувам:

1. Извод од Централен регистар на Република Македонија;

2. Изјава заверена кај нотар дадена под кривична и материјална одговорност со која барателот потврдува дека електронските комуникациски мрежи и средства се изградени пред пред 3 Март 2011 година;

3. Геодетски елаборат за утврдување на фактичката состојба на бесправниот објект со имотен лист со запишано право на земјиштето под објектот на кој се поставени електронските комуникациски мрежи и средства;

4. Согласност од 51% од станарите или договор за поставување на електронски комуникациски мрежи и средства склучен со заедницата на сопственици на станови ако електронските комуникациски мрежи и средства се поставени на колективен објект односно од сопственикот на објектот ако се поставени на индивидуален објект;

5. Основен проект-фаза статика;
**(овој доказ се доставува само доколку барањето се однесува за бесправни електронски комуникациски мрежи и средства кои не се линиски, при што доколку се работи за електронски комуникациски мрежи и средства-колокации за потребата на јавната мобилна комуникациска мрежа овој доказ го доставува само барателот кој е имател на антенскиот столб.)**

6. Изјава од имателот на антенскиот столб со која истиот изјавува дека е согласен да се утврди правен статус на електронската комуникациска опрема која колоцира со антенскиот столб или Договор со имателот на антенскиот столб со кој е уредено правото на колокација;
**(овој доказ се доставува само доколку барањето се однесува за електронска комуникациска опрема која колоцира со антенски столб, како дел од колокација за потребата на јавната мобилна комуникациска мрежа)**

7. Изјава заверена на нотар дадена под кривична и материјална одговорност со која барателот потврдува дека електронските комуникациски мрежи и средства се функционална целина и може да се употребуваат;
**(овој доказ се доставува само доколку барањето се однесува за бесправни линиски електронски комуникациски мрежи и средства поставени на објекти)**

**Датум и место на поднесување** **Барател**

_____ _____

# АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

**6165.**

Врз основа на член 75 став (2) и (4), член 80, член 95 став (5) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005,29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010,171/2010, 36/2011, 98/2012 , 13/2013, 164/2013, 44/2014 и 192/2015) и член 107 став (2) и (4), член 114 став (6) од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/2008, 124/2010, 17/2011 и 13/2013) Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, на седницата одржана на 10.12.2015 година, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА МАРКЕТИНГ НА ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ

Член 1

Во Правилникот за начинот и постапката на маркетинг на пензиски фондови („Службен весник на Република Македонија" бр. 143/2013 и 182/2014) по членот „7-а" се додава нов член „7-б" кој гласи:

„Член 7-б

Материјалите за маркетинг кои пензиското друштво ги објавува во хартиена и во електронска форма, задолжително треба да ја содржат следната информација: Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) www.mapas.mk тел. 02 3224 229. "

Член 2

Обрасците 1, 2 и 3 се менуваат и гласат:

Образец 1

Лого на друштво

Податоци за член/пензиониран член
Име и презиме
Број на договор/распределен член
Датум на стекнување на членство/пензионирање

## Извештај за пензиска заштеда на индивидуална сметка

Состојба на ден: _____

Вие поседувате _____сметководствени единици, односно вкупен износ од _____ (МКД).

_____ (МКД) = _____ * _____ (МКД)
(Вкупен износ ) (Број на сметководствени единици) (Вредност на сметководствената единица )

**ВАШАТА ПЕНЗИСКА ЗАШТЕДА Е НАМЕНЕТА ЗА ПЕНЗИЈА ОД ВТОР СТОЛБ – ЗАДОЛЖИТЕЛНО КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ**
Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)
www.mapas.mk тел. 02 3224 229
Контактирајте го Вашето пензиското друштво (контакт информации)

Уплати/исплати во (гггг) година

| Датум на уплата / исплата | Опис | Износ |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

Графички приказна состојба на сметка со износ на 31.12.(гггг-1) год.и на 31.12. (гггг) год.

износ за 31.12.(гггг)

износ за 31.12.(гггг-1)

[Дводимензионален графички приказ на состојба на сметка со износ на 31.12.(гггг-1) год.и на 31.12 (гггг) год].

31.12.(гггг-1) 31.12.(гггг)

Опис на уплати/исплати од табелата за извештајниот период
1.
2.
...
n.

| |
|---|
| [Дел за електронска проверка на состојба] |
| [Дел за ажурирање на податоците на членот (во хартиена и електронска форма) |

Во текот на _____година пензиското друштво наплати надоместок од придонеси во износ од _____ден и надоместок за управување на средства кој се наплатува од вкупните средства на фондот во износ од __% за _____ година.

Вашите средства се инвестираат согласно закон и остварениот принос од инвестициите се додава на средствата на Вашата сметка. Детален преглед на инвестициите е даден во Извештајот за инвестиционо портфолио.

**Поимник** (содржи опис најмалку на поимите: задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, МАПАС, придонес, принос и сметководствена единица)

**Простор за друштво**

Образец 2

Лого на друштво

Податоци за член /пензиониран член
Име и презиме
Број на договор
Датум на стекнување на членство/пензионирање

## Извештај за пензиска заштеда на доброволна индивидуална сметка

Состојба на ден: _____

Вие поседувате _____ сметководствени единици, односно вкупен износ од _____ (МКД).

_____ (МКД) = _____ * _____ (МКД)
(Вкупен износ ) (Број на сметководствени единици) (Вредност на сметководствената единица )

**ВАШАТА ПЕНЗИСКА ЗАШТЕДА Е НАМЕНЕТА ЗА ПЕНЗИСКИ НАДОМЕСТОК ОД ТРЕТ СТОЛБ – ДОБРОВОЛНО КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ**
**Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)**
**www.mapas.mk тел. 02 3224 229**
**Контактирајте го Вашето пензиското друштво (контакт информации)**

Уплати/исплати во (гггг) година

| Датум на уплата / исплата | Опис | Износ |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

Графички приказна состојба на сметка со износ на 31.12.(гггг-1) год.и на 31.12. (гггг) год.

износ за 31.12.(ггг)

износ за 31.12.(ггг-1)

[Дводимензионален графички приказ на состојба на сметка со износ на 31.12.(гггг-1) год.и на 31.12 (гггг) год].

31.12.(ггг-1) 31.12.(ггг)

Опис на уплати/исплати од табелата за извештајниот период
1.
2.
...
n.

| |
|---|
| [Дел за електронска проверка на состојба] |
| [Дел за ажурирање на податоците на членот] (во хартиена и електронска форма)] |

Во текот на _____година пензиското друштво наплати надоместок од придонеси во износ од _____ден и надоместок за управување на средства кој се наплатува од вкупните средства на фондот во износ од __% за _____ година.

Вашите средства се инвестираат согласно закон и остварениот принос од инвестициите се додава на средствата на Вашата сметка. Детален преглед на инвестициите е даден во Извештајот за инвестиционо портфолио.

**Поимник** (содржи опис најмалку на поимите: доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, МАПАС, придонес, принос и сметководствена единица)

**Простор за друштво**

Образец 3

Лого на друштво

Податоци за член /пензиониран член
Име и презиме
Број на потврда за членство
Датум на стекнување на членство/пензионирање

## Извештај за пензиска заштеда на професионална сметка

Состојба на ден: _____

Вие поседувате _____сметководствени единици, односно вкупен износ од _____ (МКД).

_____ (МКД) = _____ * _____ (МКД)
(Вкупен износ ) (Број на сметководствени единици) (Вредност на сметководствената единица )

**ВАШАТА ПЕНЗИСКА ЗАШТЕДА Е НАМЕНЕТА ЗА ПЕНЗИСКИ НАДОМЕСТОК ОД ТРЕТ СТОЛБ – ДОБРОВОЛНО КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ**
**Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)**
**www.mapas.mk тел. 02 3224 229**
**Контактирајте го Вашето пензиското друштво (контакт информации)**

Уплати/исплати во (гггг) година

| Датум на уплата / исплата | Опис | Износ |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

Графички приказ на состојба на сметка со износ на 31.12.(гггг-1) год.и на 31.12. (гггг) год.

износ за 31.12.(гггг)

износ за 31.12.(гггг-1)

[Дводимензионален графички приказ на состојба на сметка со износ на 31.12.(гггг-1) год.и на 31.12 (гггг) год].

31.12.(гггг-1) 31.12.(гггг)

Опис на уплати/исплати од табелата за извештајниот период
1.
2.
...
n.

| |
|---|
| [Дел за електронска проверка на состојба] |
| [Дел за ажурирање на податоците на членот] (во хартиена и електронска форма)] |

Во текот на _____година пензиското друштво наплати надоместок од придонеси во износ од _____ден и надоместок за управување на средства кој се наплатува од вкупните средства на фондот во износ од __% за _____ година.

Вашите средства се инвестираат согласно закон и остварениот принос од инвестициите се додава на средствата на Вашата сметка. Детален преглед на инвестициите е даден во Извештајот за инвестиционо портфолио.

**Поимник** (содржи опис најмалку на поимите: доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, МАПАС, придонес, принос и сметководствена единица)

**Простор за друштво**

Член 3

Постојните материјали за маркетинг во хартиена форма од член 1 од овој правилник, пензиското друштво може да ги употребува до 01.01.2016 година.

Член 4

Овој правилник влегува во сила осум дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 01-1510/4
11 декември 2015 година
Скопје

Совет на експерти
Претседател,
д-р **Булент Дервиши,** с.р.

**6166.**

Врз основа на член 66 став (5) и член 66а став (2) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012, 13/2013, 164/2013, 44/2014 и 192/2015), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување на седницата, одржана на 10.12.2015 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА ПРЕНОС НА СРЕДСТВАТА ВО ФОНДОТ НА ПИОМ**

Член 1

Во Правилникот за начинот и постапката на пренос на средствата во Фондот на ПИОМ (Службен весник на Република Македонија број 140/2013) во член 4 став (2) зборовите: „и известувањето од Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (во понатамошниот текст: Агенцијата)„ се бришат.

Член 2

Во член 6 по ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

"(3) Друштвото ја затвора индивидуалната сметка веднаш по исплата на средства од индивидуална сметка на наследник/наследници."

Член 3

Членот 7 став (2) се менува и гласи:

„Друштвото доставува до Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (во понатамошниот текст: Агенцијата) известување за поднесено барање за исплата на средства на наследник од индивидуална сметка на починат член и решение од надлежен орган со кое е прогласен наследник."

Член 4

Во член 8 во ставот (1) зборот: „барањето" се заменува со зборот: „известувањето".

Ставот (3) се менува и гласи:

„Агенцијата до друштвото доставува известување дека може да се изврши исплата на средства на починатиот член, доколку Фондот на ПИОМ известил дека починатиот член нема членови на семејството со право на семејна пензија согласно Законот за пензиското и инвалидското осигурување."

По ставот (3) се додава нов став (4) кој гласи:

„(4) Износот на средствата, кои треба да се исплатат, се пресметува врз основа на вредноста на сметководствената единица на датумот на проценка на средствата што претходи на датумот на известувањето до друштвото од став (3) од овој член."

Член 5

Во член 9 став (1) точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат следните зборови: „наредниот работен ден од добиеното известување од Агенцијата од член 8 став (3) од овој правилник."

Ставот (2) се менува и гласи:

„Чуварот на имот, на денот на приемот на налогот од друштвото или наредниот работен ден, врши исплата односно пренос на средства од сметката на задолжителниот пензиски фонд на трансакционата сметка на наследникот, наведена во налогот од друштвото."

Ставот (3) се брише.

Ставот (4) станува став (3).

Член 6

Одредбата од член 5 став (1) на овој правилник ќе започне да се применува од 01.01.2016 година.

Член 7

Започнатите постапки за пренос на средствата во случај на смрт на член кој нема членови на семејството кои имаат право на семејна пензија, до денот на влегување во сила на овој правилник ќе завршат според Правилникот за начинот и постапката на пренос на средствата во Фондот на ПИОМ („Службен весник на Република Македонија" број 140/2013).

Член 8

Овој правилник влегува во сила рок од осум дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 01-1510/5
11 декември 2015 година
Скопје

Совет на експерти
Претседател,
д-р **Булент Дервиши,** с.р.

**6167.**

Врз основа на член 21 став (7) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012, 13/2013, 164/2013, 44/2014 и 192/2015), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување на седницата, одржана на 10.12.2015 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИНДИВИДУАЛНИ СМЕТКИ**

Член 1

Во Правилникот за индивидуални сметки (Службен весник на Република Македонија број 155/2013) во член 2 став (2) точка ж) зборот: „сите" се бришат.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 01-1510/6
11 декември 2015 година
Скопје

Совет на експерти
Претседател,
д-р **Булент Дервиши,** с.р.

# РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**6168.**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 22 став 1 точка 16, член 39 став 2 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14 и 33/15) и член 32 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ“, бр. 143/11, 78/13 и 33/15), постапувајќи по барањето на Друштво за производство, трговија и услуги МХЕ ЈАБЛАНИЦА ДОО Скопје, со седиште на булевар Св. Климент Охридски бр.30 Скопје, за влегување во сила на лиценца за производство на електрична енергија на седницата одржана на ден 14.12.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ВЛЕГУВАЊЕ ВО СИЛА НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. Лиценцата на Друштво за производство, трговија и услуги МХЕ ЈАБЛАНИЦА ДОО Скопје, со седиште на булевар Св. Климент Охридски бр.30 Скопје, за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од мала хидроцентрала МХЕЦ „ЈАБЛАНИЦА“ издадена со Одлука УП1 бр. 07-45/15 од 11.5.2015 година, („Службен весник на РМ“ бр. 77/15) влегува во сила.

2. Лиценцата е прилог 1 на оваа одлука.

3. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага неговото извршување.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 Бр. 07-45/15
14 декември 2015 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров**, с.р.

**Прилог 1**

**Л И Ц Е Н Ц А**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

**1. Име и седиштето на носителот на лиценцата**

Друштво за производство, трговија и услуги МХЕ ЈАБЛАНИЦА ДОО Скопје, со седиште на булевар Св. Климент Охридски бр.30 Скопје

**2. Енергетската дејност за која се издава лиценцата**

Производство на електрична енергија

**3. Евидентен број на издадената лиценца**

ЕЕ - 240.01.1/15

**4. Датум на издавање на лиценцата**

14.12.2015 година

**5. Датум на важење на лиценцата**

5.5.2036 година

**6. Број на деловниот субјект – 6755658**

**7. Единствен даночен број – 4080012526103**

**8. Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши**

Како енергетска дејност производство на електрична енергија на енергија, во смисла на оваа лиценца, се смета производство на електрична енергија што носителот на лиценцата ќе го врши од обновлив извор, во мала хидроелектрана, во обем согласно техничките карактеристики на производниот капацитет.

**9. Локација на вршење на енергетската дејност**

Носителот на лиценцата, енергетската дејност производство на електрична енергија од обновливи извори ќе ја врши во мала хидроелектрана МХЕЦ „Јабланица “ во општина Струга.

**10. Производни капацитети со кои се врши енергетската дејност**

Носителот на лиценцата, енергетската дејност производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија ќе ја врши со произведен капацитет со технички карактеристики наведени во Прилог 2 кој е составен дел од оваа лиценца.

**11. Право на приклучување, пристап и користење на системот за дистрибуција на електрична енергија**

Носителот на лиценцата има право на приклучување, пристап и користење на системот за дистрибуција на електрична енергија заради непречено вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија во согласност со закон, друг пропис и општ акт, како и во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија одобрени од страна на Регулаторната комисија за енергетика.

**12. Права и обврски за носителот на лиценца**

Со оваа лиценца се определуваат начинот и условите за вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија, правата и обврските на носителот на лиценца како и неговото учество на пазарот на електрична енергија.

Носителот на лиценцата е должен да:

- ги почитува законите, другите прописи и општи акти кои се однесуваат на заштита на конкуренцијата, заштита на потрошувачите, заштита на животната средина, заштита на работниците, заштита на техничките средства и опрема;
- ги почитува, Пазарните правила, Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија, правилниците и другите прописи кои ги пропишува или одобрува Регулаторната комисија за енергетика во согласност со закон;
- се придржува кон законите, прописите, стандардите, препораките и други општи акти,
- доколку носителот на лиценцата се стекне со Одлука за одобрување на користење на повластена тарифа за откупување на целокупната произведена електричната енергија во мала хидроелектрана, да го почитува

Договорот склучен со МЕПСО АД Скопје, односно Операторот на пазарот на електрична енергија, за откуп на целокупната произведена електрична енергија;

- обезбеди сигурно, безбедно, континуирано и квалитетно производство и испорака на електрична енергија до точката на прием во системот за дистрибуција на електрична енергија;

- обезбеди достапност на планираната електрична моќност и енергија до точката на прием во системот за дистрибуција на електрична енергија;

- го достави Договорот за откуп на електрична енергија до Регулаторната комисија за енергетика;

- се придржува кон склучениот Договор за откуп на електрична енергија;

- доставува извештаи за опремата, постројките, плановите за одржување и планираната расположливост до носителот на лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

**13. Планирање на одржување на производните капацитети**

Заради сигурно и ефикасно функционирање на производните капацитети кои се вклучени во процесот на производство на електрична енергија, носителот на лиценцата е должен истите да ги одржува во исправна и функционална состојба.

Носителот на лиценцата е должен секоја година, најдоцна до 10 март, до Регулаторната комисија за енергетика да поднесе План за одржување на производните капацитети за период од пет години, годишна програма за реализација на планот, како и мислење за услогласеност на Планот од носителот на лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија.

Планот за одржување на производните капацитети особено треба да содржи:

- опис на функционална состојба на производните капацитети;

- потреба од ревитализација на производните капацитети;

- финансиски извори за реализација на планот.

**14. Обврска за информирање**

Носителот на лиценцата е должен да им ги обезбеди на операторот на преносниот систем, операторот на пазарот на електрична енергија, снабдувачот со електрична енергија односно снабдувачот со електрична енергија во краен случај како и носителот на лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија, сите потребни податоци и информации кои се неопходни за извршувањето на нивните обврски од лиценците, во согласност со Мрежните правила за пренос на електрична енергија, Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија и Пазарните правила.

**15. Обврска за одвоена сметководствена евиденција**

Носителот на лиценцата е должен:

- во своите интерни пресметки да води одвоена евиденција за секоја од енергетските дејности за кои што поседува лиценца за вршење на енергетска дејност;

- во согласност со сметководствените стандарди со кои се уредува сметководственото работење на претпријатието да изготвува финансиски извештаи кои ќе обезбедат информации за средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите со резултатите од работењето, како и паричните текови на претпријатието; и

- да обезбедува консолидирани финансиски извештаи.

**16. Доверливост на информациите**

Носителот на лиценцата е должен во согласност со закон, да обезбеди и да гарантира доверливост на деловните податоци и информации кои при вршењето на енергетската дејност производство на електрична енергија ги добива од сите учесници на пазарот на електрична енергија.

**17. Обврска за доставување на Годишен извештај за финансиското и деловното работење**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 10 март во тековната година да достави годишен извештај за делокругот на своето работење, вклучувајќи го и извештајот за финансиското и деловното работење во претходната година. Годишниот извештај со сите прилози задолжително се доставува и во електронска форма.

Годишниот извештај треба да содржи податоци за:

1. обемот на производство на електрична енергија во текот на претходната година, вкупно и за секој производен капацитет поодделно (вкупна количина на произведената и испорачаната електрична енергија на точка на прием во системот за дистрибуција на електрична енергија, сопствена потрошувачка, број и времетраење на планираните и непланираните прекини, како и за причините за нивно настанување);

2. финансиски извештај за енергетската дејност производство на електрична енергија, составен од:

- биланс на состојба и биланс на успех,

- извештај за промените во главнината,

- извештај за паричните текови,

- применетите сметководствени политики, и

- други објаснувачки белешки подготвени во согласност со меѓународните сметководствени стандарди;

3. превземени мерки во текот на претходната година за:

- заштита на објектите и средствата преку кои се врши енергетската дејност од надворешни влијанија и хаварии, како и нивно осигурување,

- заштита при работа,

- обука и стручно усовршување на вработените заради сигурно, безбедно и квалитетно вршење на енергетската дејност,

- заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето,

- спроведување на мониторинг врз сопственото работење,

- обезбедување на услови за сигурно, континуирано и квалитетно вршење на енергетската дејност,

- обезбедување на енергетска ефикасност,

- вршење на енергетската дејност во услови на кризна состојба, како и воена и вонредна состојба;

4. остварување на годишната програма за реализација на Планот за одржување на производните капацитети, во претходната година;

5. извршување на програма за ремонти во претходната година;

6. состојба со кадровска екипираност за извршување на пооделни задачи при вршењето на енергетската дејност производство на електрична енергија;

7. извршени инспекциски надзори и контроли од страна на надлежни инспекциски и други државни органи, со приложени фотокопии на записниците, извештаите и решенијата од извршените надзори и контроли;

8. бизнис план за тековната година и оценка за реализирање на бизнис планот во претходната година;

9. превземени мерки за подобрување на квалитетот на услугата.

**18. Обврска за доставување на други извештаи, информации и податоци во врска со вршењето на енергетската дејност**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика да доставува:

- во писмена и/или електронска форма, месечни и квартални извештаи за количините на произведената и испорачаната електрична енергија на точка на прием во системот за дистрибуција на електрична енергија;

- известување за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност производство на електрична енергија.

**19. Мерење на произведената електрична енергија и моќност**

Мерење на произведената, односно испорачаната електрична енергија во дистрибутивниот систем се врши во пресметковното мерно место во постапка и начин утврден согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

**20. Физичка заштита на производниот капацитет од надворешни влијанија и хаварии**

Носителот на лиценцата е должен во рок од шест месеци од датумот на издавање на оваа лиценца да донесе План за физичка заштита на производните капацитети и должен е истиот да го достави до Регулаторната комисија за енергетика.

**21. Обврска за овозможување на пристап до производните единици и непосреден увид во документацијата**

Носителот на лиценцата е должен по барање на Регулаторната комисија за енергетика, да и овозможи непосреден увид во целокупната документација, како и пристап во објектите, деловните простории, простори, инсталациите, како и на средствата и опремата потребни за вршење на енергетската дејност, во согласност со Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

**22. Квалитет на услугата**

Носителот на лиценцата е должен да обезбеди технички средства и други услови кои ќе овозможат постојан квалитет на произведената електрична енергија, согласно пропишаниот правилник за снабдување со електрична енергија и Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Носителот на лиценцата е должен да врши постојан мониторинг на параметрите кои го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија и по барање на Регулаторната комисија за енергетика, да доставува писмен извештај за движењето на сите параметри кои што го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија во определен временски период.

**23. Изменување и дополнување на лиценцата**

Изменувањето и дополнувањето на оваа лиценца ќе се врши во согласност со одредбите од Законот за енергетика и од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

**24. Мерки во случај на неисполнување на обврските од страна на носителот на лиценцата**

Доколку носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика ќе превземе мерки согласно Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

**Прилог 2**

ПОДАТОЦИ ЗА ОПРЕМАТА ЗА МХЕЦ ЈАБЛАНИЦА,

- број на производни единици (агрегати):.....еден
- проценет животен век.....40 години

- тип, производител и номинални податоци за турбината:
· тип Пелтон вертикална
· производител ..... Global Hydro, Австрија
· нето пад .....169 m
· номинален проток.....2,4 m3/s
· број на вртежи..... 500 min-1
· максимална моќност.....3.575 kW

- тип, производител и номинални податоци за генераторот:
· тип - трофазен синхрон генератор со воздушно ладење
· вратило вертикално
· работен напон 0,4 kV
· фреквенција 50 Hz
· производител : .....TES Чешка
· номинална привидна моќност..... 4.100 kVA
· номинална активна моќност.....3.280 kW
· број на вртежи.....500 min-1
· cosφ……...0.8
· ниво на заштита.....IP23
· класа на изолација.....F

- тип, производител и номинални податоци за трансформаторот:
· тип .....трофазен сув
· производител: ..... STS 3500
· преносен однос.....1/36,5 kV / kV
· моќност.....4.100 kVA
· фреквенција.....50 Hz
· напон на краток спој.....8%

**6169.**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 23 став (2) и член 30 став (1) алинеја 2 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15 и 192/15) на ден 14.12.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

1. На ЕВН Македонија АД Скопје како вршител на енергетската дејност дистрибуција на електрична енергија му се наредува да ја приклучи малата хидроелектрана Јабланица во сопственост на Друштвото за производство, трговија и услуги МХЕ Јабланица ДОО Скопје.

2. Жалбата изјавена против оваа одлука не го одлага нејзиното извршување.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 02-1694/10
14 декември 2015 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров**, с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**6170.**

Врз основа на членот 10 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/94, 62/95, 33/97, 50/01, 26/02, 46/02, 37/05, 121/07, 161/08, 92/09, 97/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14 и 147/15), Министерството за труд и социјална политика

**О Б Ј А В У В А**

1. Стапката на трошоците на живот за месец ноември 2015 година, во однос на месец октомври 2015 година, е повисока за 0,1%.

2. Правото на пораст на платите за месец ноември 2015, во однос на месец октомври 2015 година, за работодавачите од членот 3 став 1 од Законот за исплата на платите во Република Македонија изнесува 0,05%.

Министер,
д-р **Фросина Ташевска Ременски,** с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. - Скопје**
**бул. „Партизански одреди” бр. 29. Поштенски фах 51.**
**в. д. директор и одговорен уредник – м-р Тони Трајанов**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2015 година изнесува 10.100 денари.**
**„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.**

ISSN 0354-1622
2015221